Почитувани претставници на граѓанските организации,

Ви благодариме на интересот за учество на Повикот до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2024 година. Пополнетиот образец (заедно со прилозите, доколку ги има) доставете го до Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, електронски на адреса **nvosorabotka@gs.gov.mk со назнака Иницијатива за ГПРВ 2024, до 15.9.2023 година.** Со доставување на образецот потврдувате дека се согласувате вашата иницијатива да биде објавена на веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk.

Të nderuar përfaqësues të organizatave qytetare,

Ju falemnderojmë për interesin e shprehur për pjesëmarrje në Thirrjen deri te sektori civil për kontributin në përgatitjen e Programit të punës së Qeverisë së Repblikës së Maqedonisë së Veriut për vitin 2024. Formularin e plotësuar ( së bashku me bashkëngjitjet, nëse ka) dorëzoni te Njësia për bashkëpunim me organizatat joqeveritare e Sekretariatit të Përgjithshëm të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut, në mënyrë elektronike në adresën nvosorabotka@gs.gov.mk **me shënim Iniciativa për PVQRMV 2024, deri më 15.9.2023.** Me dorëzimin e formularit vërtetoni se pajtoheni që iniciativa juaj të publikohet në faqen e internetit nvosorabotka@gs.gov.mk.

**Општи податоци за здружението / фондацијата**

**Të dhëna të përgjithshme për shoqatën/ fondacionin**

| | |
|---|---|
| Име на здружението/фондацијата: Национален младински совет на Македонија | Emri i shoqatës/ fondacionit: |
| ЕМБС (матичен број на правниот субјект според податоците во Централен регистар): 6908446 | NVAS (numri amë i subjektit juridik sipas të dhënave në Regjistrin Qendror): |
| Седиште и адреса (улица, број, општина): Вељко Влаховиќ, 7/1-1 | Selia dhe adresa ( rruga, numri, komuna): |
| Застапник: Мариана Ангелова | Proqesverbali: |
| Веб страница: www.nms.org.mk | Faqja e internetit: |
| Електронска пошта (e-mail): info@nms.org.mk | Posta elektronike ( e-mail): |
| Телефонски број за контакт: 078 332 401 | Numri i telefonit për kontakt: |
| Лице за контакт: Мариана Ангелова | Personi për kontakt: |

**Предлог- иницијатива за годишна Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2024 година**

**Propozim-iniciativa për Programin vjetor të punës së Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut Për vitin 2024**

**Наслов на иницијативата: Стратегија за ментално здравје кај млади 2023-2026**

**Emri ( titulli) i iniciativës:**

**Стратешки приоритет:** (придонес - поврзаност со определен стратешки приоритет на Владата на Република Северна Македонија)

**Prioriteti strategjik:** (kontributi- lidhur me prioritetin strategjik të caktuar të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut)

Директно влијае на исполнување на следниот стратешки приоритет на Влада: обезбедување забрзан, одржлив и инклузивен економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните, особено во делот на квалитет на живот.

**Приоритетна цел:** (придонес - поврзаност со определена стратешка цел на Владата на Република Северна Македонија)

**Qëllimi prioritar:** (kontributi- lidhur me qëllimin e caktuar prioritar të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut)

Директно е поврзано со следните стратешки цели и приоритетни цели на Владата:

1) имплементација на Целите за одржлив развој согласно Агендата 2030 на Обединетите Нации и Имплементацијата на новата Рамка за развојна соработка со Обединети Нации за периодот 2021-2025;
2) промоција на здравјето и зајакнати превентивни активности;
3) подобрување на здравствената состојба на населението и здравствена заштита за секој граѓанин – здравствен систем фокусиран кон пациентот.

Дополнително, индиректно влијае и на исполнување на другите приоритетни цели на Владата.

**НППА** (поврзаност со пристапни партнерства како и соодветна идентификација на поглавје и подрачје)
Кластер 2: внатрешен пазар, 3.28 заштита на потрошувачи и јавно здравје, подрачје 3.28.2, ментално здравје.

**NPAA** (lidhje me partneritetet e pranuara si dhe identifikimi adekuat i kapitullit dhe rajonit)

**Образложение:** (Краток опис на иницијативата: причини за предлагање, предмет на уредување доколку се работи за закон или подзаконски акт и надлежен орган на државната управа)

**Arsyetim:** (Përshkrim i shkurtër i iniciativës: arsyet e propozimit, lënda e rregullimit nëse bëhet fjalë pë akt ligjor ose nënligjor dhe organi kompetent i administratës shtetërore)

Светската здравствена организација го дефинира менталното здравје холистички, како „добросостојба во која единката ги реализира своите потенцијали, може да се справува со нормалните животни стресови, работи продуктивно и придонесува во заедницата“.

Менталното здравје е многу повеќе од недостаток на болест; тоа е и добросостојба којашто вклучува капацитет за формирање и одржување на релации, учење, работа, одмор и разонода, како и можност и право на лични одлуки и избори. Добростостојбата и менталното здравје се важна тема кај младите последните неколку години. Менталното здравје ја вклучува емоционалната, психолошката и социјалната добросостојба. Состојбата на менталното здравје на младата индивидуа директно влијае врз секојдневната социјализација, лични односи, професионален развој, образование. Токму затоа е важно да се посветува време за грижа и нега за овој сегмент од личноста.

Во Република Северна Македонија постојат повеќе закони, стратегии и документи кои во својата содржина фокусот го ставаат на менталното здравје. Законот за ментално здравје1 (објавен во Службен весник на РМ бр.71 од 08.06.2006 година и дополнет на 02.09.2015 година, објавен во Службен весник на РМ, бр. 150) е донесен во 2005 година, но неговата примена останува ограничена, односно главен фокус става на човековите права на лицата со ментални болести, нивна дијагноза и соодветен третман додека насочувањето кон грижа и нега, превенција од појава на сериозни состојби и ментална хигиена заостанува како приоритет. Исто така постои и Националната стратегија за унапредување на ментално здравје 2018-20252 година во која се нагласува потребата од напуштање на концептот на психијатриската болница како институција на социјална ексклузија, стигматизација и повредување на човековите права и премин кон една осмислена и планирана ментално-здравствена политика и стратегија која го акцентира планот за развој на систем на ментално здравје во заедницата. Стратегијата се фокусира на потребата од развој на систем за заштита на менталното здравје во заедницата, земајќи ги во предвид позитивните меѓународни и домашни искуства. Дополнително, се истакнува примена на други форми на третман, како што се индивидуална и групна психотерапија, работна терапија, рехабилитација и психосоцијална поддршка на поединецот и/или на целото семејство како и други форми, поттикнувајќи комбиниран пристап во менталното здравје.

Во стратегијата исто така се нагласува потребата од редефинирање на системот на финансирање на психијатриските институции, со утврдување на нови дијагностички и терапевтски процедури. За оваа стратегија е направен Акциски план, но не е направен буџет за имплементација
на стратегијата, што значи дека имплементацијата зависи од политичката волја и политичките структури и се менува од година во година. Во Акцискиот план се наведени посебни активности за деца и адолесценти, со што се адресира потребата за индивидуализиран пристап на мерки за менталното здравје кај младите, што е од особена важност, имајќи на ум дека истражувањата покажуваат загрижувачки податоци за состојбата со менталното здравје кај младите.
Според истражување на Филозофскиот факултет од 2021 година3, најголемите
предизвици поврзани со менталното здравје и младите се: депресија (64%), стрес (55%), анксиозност (58%), самоубиства (56%) и општо грижа и нега за ментално здравје (67%). Поделени по возрасни групи, топ 5 предизвици кај младите помеѓу 15-19 години се: самоубиство (66%), депресија (65%), анксиозност (58%), грижа и нега за ментално здравје и стрес (58%), стрес (55%), кај младите од 20-24 години се: грижа и нега за ментално здравје (66%), депресија (61%), анксионзост (60%), стрес (57%), самоубиство (55%), а кај младите на возраст од 25-29 години се: грижа и нега за ментално здравје (71%), депресија (65%), анксиозност (56%), самоубиство (54%) и стрес (53%). Само 27% од младите во Македонија сметаат дека перцепцијата за нив во општеството е позитивна. Дополнително, 50% од испитаниците не бараат помош бидејќи се чувствуваат засрамени, 47% не бараат помош поради трошоците за истата, 47% сметаат дека нивните проблеми не се доволно големи, 47% не сакаат да бидат осудувани, 45% се исплашени од тоа што може да се случи, додека пак 39% не знаат со кого да зборуваат. Се претпоставува дека само околу 20% од младите го добиваат соодветниот третман навремено, според публикација4 на Младите Можат од 2022 година. Имајќи на ум дека во нашата земја јавни институции кои нудат медицински-здравствени услуги за ментално здравје на деца и млади се: Завод за ментално здравје на деца и млади (амбулантско-диспанзерска служба на

деца) во рамки на ЈЗУ Здравствен дом Скопје, Служба за ментално здравје на деца и млади во рамки на Клиничка болница во Битола и Оддел за детска и адолесцентна психијатрија при УК за Психијатрија Скопје (болнички третман на млади до 18год), евидентно е дека постоечките механизми со своите капацитети не може да одговорат на потребите и предизвиците кои младите ги имаат во оваа област од нивниот живот.

Одговорна институција: Министерство за здравство, Клиника за психијатрија, Центри за ментално здравје, Агенција за млади и спорт.

**Очекувани влијанија:** (Кои се очекуваните влијанија од предлог-иницијативата)

- зголемување на услугите кои институциите ги нудат за млади
- надминување на предизвиците кои младите ги имаат а поврзани со менталното здравје
- разбивање на стереотипите и предрасудите за менталното здравје
- фокусирана работа со сите засегнати страни
- намалување на стресот, анксиозноста, депресијата и паничните напади кај младите
- намалување на зависностите и употребата на супстанци кои предизвикуваат зависност и многу други влијанија, сите детално објаснети во стратегијата доставена како прилог на овој документ.

**Ndikimet e pritshme:** (Cilat janë ndikimet e pritshme nga propozim-iniciativa)

**Финансиски импликации:** (Дали предлог-иницијативата предизвикува финансиски импликации? Ако има, дали потребните средства се обезбедени и од кои извори?)

Финасиски импликации ќе има само за спроведување на стратегијата за ментално здравје кај млади, додека за подготовка на самата стратегија како и за подготовка на акцискиот план за имплементација на стратегијата нема да има финансиски импликации бидејќи ова е веќе изработено и консултирано во Собрание, со Министерството за здравство и со Државниот советник за млади и спорт.

Изработката на акцискиот план и стратегијата е финансиски поддржано од Regional cooperation council, преку проект на Европската комисија.

**Implikime financiare:** (A shkakton propozim-iniciativa implikime financiare? Nëse ka, a janë të siguruara mjetet e nevojshme dhe nga cilat burime?)

**Прилози** (со наведување на авторот на документот):

- Драфт верзија Стратегија за ментално здравје кај млади, автори Стојан Бајрактаров и Софија Арнаудова Ѓорѓиевска
- Акциски план за имплементација на стратегијата, автори Стојан Бајрактаров и Софија Арнаудова Ѓорѓиевска

**Bashkëngjitje** (me shënimin e autorit të dokumentit):

Потпис на застапникот

14.09.2023 година ---------------------------

М.П.

Nënshkrimi i përfaqësuesit

------ 2023 ------------------------------

V.V